**ОГЛАС**

Датум на објава: 06.08.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Преку медиумска писменост до подобрени локални младински политики", објавува оглас за избор на **1 новинар** за изработка на истражувачка новинарска сторија согласно целите и потребите на проектот.

Имено, во рамките на проектот предвидено е младите во соработка со локалните медиуми и новинари да говорат за своите потреби досегашното нивно вклучување во процесите на донесување на одлуки, функционалноста на локалните младински совети, но и како во соработка со медиумите да се зголеми влијанието на младите во процесот на креирање на локалните политики во заедницата.

Новинарот треба да доаѓа од подрачјето на општина Куманово или општина Старо Нагоричане затоа што се поддржуваат локалните медиуми и новинари во рамките на двете општини како добри познавачи на локалните состојби, процесите на креирање на локалните политики, но и вклучувањето на граѓаните во самите процеси како една од основните мерки за утврдување на степенот на отвореност и транспарентност на општините.

Новинарот треба да ги исполнува следниве критериуми:

- Да има работно искуство минимум 3 години во медиумската сфера, додека пак работењето со граѓанските организации ќе се смета за предност.
- Да биде достапен во периодот на месец август кога и треба да се изработи сторијата;
- Да го поддржи нејзиното објавување на што поголем број на медиуми како би се овозможило пошироката јавност да се запознае со потребите и моменталната положба на младите во општина Куманово и општина Старо Нагоричане.

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

2.1 Пошироката јавност и локалните власти запознаени со потребите за социјална и економска инклузија на младите од руралните средини

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да доставаат професионална биографија (CV) најдоцна до **14 август 2020 година во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*Проектот* "Со медиумска писменост до подобрени локални младински политики" *е ре-грантиран во рамките на проектот за младинско изразување* (Youth Expression Project) кој што е *финансиски поддржан од Европската Унија, а се спроведува од Младински образовен форум во соработка со Младински сојуз Крушево и Центарот за балканска соработка – ЛЊОЈА.*

Овој проекте финансиран од Европската Унија
.